Архивски број: 04-126/3
Датум: 17.08.2026

Врз основа на член 20-г став 1 од Законот за вработените од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр.27/14, 199/14,27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.143/19, 14/20, 302/20 и 208/24), Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија„ бр.242/24), Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола бр.01-327/1 од 03.07.2019 година, негови измени и дополнувања бр.01-594/1 од 31.12.2019 година, број 01-117/3 од 11.05.2023 година, број 01-150/1 од 08.05.2025 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства бр.19-3674/2 од 01.07.2026 година на Министерството за финансии, Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 01/2026
за вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола има потреба од вработување на неопределено време на 13 (тринаесет) извршители за следните работни места:
1.**Психолог**, шифра на работно место СО30303А04010, звање на работно место Самостоен стручен службеник во УСЗ-психолог во Служба за социјална, педагошко-воспитна и психолошка дејност, Оддел- Центар за поддршка на згрижувачки семејства..... 1 (еден) извршител.
Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.
Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следните посебни услови:
-стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Психологија и најмалку две години работно искуство и
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.
Потребни општи работни компетенции се:
- Учење и развој,
- Комуникација,
- Остварување резултати,

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domzadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

- Работење со други/тимска работа,
- Ориентираност кон странките/засегнати страни и
- Финансиско управување.

Нето плата од 42.755,00 денари.

Работното време е од 07.30 до 15.30 часот (понеделник- петок), 40 часа во текот на една седница.

2.**Медицинска сестра**, шифра на работно место СО30303Б02010, звање на работно место Помошно-стручен- медицинска сестра од второ ниво во Служба за сместување нега, исхрана и здравствена заштита на корисниците, Оддел бр.2,3,4,5 и Оддел за интервентно сместување.....10 (десет) извршители, од кои 3 извршители во Оддел бр.2, 3 извршители во Оддел бр.3, 2 извршители во Оддел бр.4, 1 извршител во Оддел бр.5 и 1 извршител во Оддел за интервентно сместување.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следниот посебен услов:
- четиригодишно средно медицинско образование.

Нето плата од 30.805,00 депари.

Работното време во рамки на седмицата е на три смени и тоа: 07.00- 14.00 часот, 12/13.00-19.00 часот и 19.00-07.00 часот, 40 часа во текот на една седница.

3.**Хигиеничар**, шифра на работно место СО30401А03004, звање на работно место Помошно-техничко лице (за одржување на објекти и опрема) од трето ниво во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за помошно-технички работи.....2 (два) извршители.

Кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност за работното место и
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови кандидатот треба да ги исполнува следниот посебен услов:
- основно образование.

Нето плата од 30.487,00 денари.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domazadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Работното време во текот на седмицата е на две смени и тоа: 07.00/30-15.00/30 часот и 11.00-19.00 часот, 40 часа во текот на една седница.

Кандидатите треба да достават:
-Пријава која треба да содржи:податоци за кандитатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо; кратка биографија; изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно; изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-уверение за државјанство не постаро од шест месеци;
-лекарско уверение за општа здравствена способност за работното место не постаро од една година, издадено од доктор специјалист по медицина на трудот;
-доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност не постаро од шест месеци;
-доказ за завршено образование;
-доказ за работно искуство (доколку се бара за работното место)
-доказ за активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (доколку се бара за работното место).
Образец-Пријава може да се подигне од Установата.

Рокот за доставување на пријавите со пропратната документација како доказ за исполнети услови за вработување (во оригинал или заверен препис на нотар) изнесува 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат. Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Заинтересираните кандидати, пријавата со попратната документација треба да ја достават во хартиена форма во архивата на Јавната установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола или по пошта на адреса: Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола на ул. „Младински Бригади„ бр. 2 Битола. Кандидатите се должни на ковертот да го наведат редниот број на работното место за кое се аплицира, со напомена: „Не отворај, за вработување по јавен оглас бр.01/2026,“.

Ненавремените и некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Доколку на јавниот оглас се пријавиле до 200 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се врши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Постапката за селекција ќе се спроведува во две фази:административна селекција која се состои од проверка на внесените податоци во пријавата и приложените докази во пријавата и интервју.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка по овој оглас.

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца-Битола
Ул. „Младински Бригади„ бр2 Битола
Република Северна Македонија
+389 047 253 339 /+389 047 254 339 /071 291 473
https://domzadoencinjabitola.mk
juddmd-bt@mtsp.gov.mk
judomzadoencinja@yahoo.com

Јавна установа Дом за доенчиња и мали деца- Битола
В.Д. Директор
Биљана Анастасова